Република Македонија
Бр.___________
___.___.2014 година
Скопје

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај

**ЕПП бр**. _________

**Усогласеност со Програмата на Владата:** ДА

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** ДА

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот** : Не

**Итност на материјалот:**

**Прилог:** Предлог на закон

**Дата на доставување на материјалот:**
септември 2014

**Министер за транспорт и врски**
**Миле Јанакиески**

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Предлог на

Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај

Скопје, септември 2014

**1.Осврт по материјалот:** Со предлог законот се утврдува потребата само доколку се одземени одобренијата за вршење на превоз на радиоактивни материи да се известува Дирекцијата за радиациона сигурност, се воведува електронско полагање на испит за добивање на сертификат за стручна оспособеност на советник за безбедност при превоз на опасни материи. Во делот на возилата наменети за превоз на радиоактивни материи наместо сертификат за возило се воведува уверение за испитано возило наменето за превоз на опасни материи како единствен документ за прегледано возило. За возилата кои превезуваат одредени опасни материи од класа 1 до класа 5.2 се укинува задолжителната опрема со уред за одвод на статичкиот електрицитет од причина што барањето е застарено и од техничкиот аспект не е потребно повеќе возилата да ја поседуваат ваквата опрема бидејки истата е вградена внатрешно во самите возила. Исто така со предлог на законот се врши определување на рокот на усогласување кон новиот модел на сертификатот за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи кој е со безбедносните карактеристики, со што ќе се овозможи поедноставна и побрза контрола на валидноста и исправноста на сертификатот.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

**4. Решение кое се препорачува ( со образложение):**

Се препорачува на Владата да го разгледа и утврди текстот на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај и истиот да го достави до Собранието на Република Македонија за разгледување и усвојување.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**6. Очекувани влијанија:**

Предложените измени и дополнувања на законот ќе допринесат за поефикасна примена на законот

**7. Усогласеност со европското законодавство( кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство**)

Нема

**8.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни информации за информирање на јавноста:**

# В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Потребата од поедноставување на процедурите при известувањата за одземени одобренија за вршење на превоз на опасни материи, воведување на електронско полагање за добивање на сертификат за советник за безбедност при превоз на опасни материи, воведување на уверение за испитано возило за превоз на радиоактивни материи како документ за прегледано возило, укинување на задолжителна опрема за одвод на статички електрицитет за возила за превоз на одредени класи на опасни материи и усогласување со новиот модел на сертификатот за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи ја наметна потребата од изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај е да се изврши допрецизирање со цел поедноставување на процедурите при известувањата за одземени одобренија за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај, воведување на електронското полагање за добивање на сертификат за советник за безбедност при превоз на опасни материи, воведување на уверение за испитано возило за превоз на радиоактивни материи, укинување на застарено барање за задолжителна опрема за одвод на статички електрицитет за возила за превоз на одредени класи на опасни материи и поради поедноставна и побрза контрола на валидноста и исправноста на сертификатот за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи определување на рокот за усогласување со новиот модел на сертификатот кој е со безбедносни карактеристики и високо ниво на заштита

.

## III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСКИ СРЕДСТВА

Одредбите од предлогот на законот нема да имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на законот не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај (Службен весник на Република Македонија број 92/07, 161/09 , 17/11 54/11, 13/13 163/13 и 38/14) во член 7-е став 2 по зборовите Министерство здравство сврзникот "и" се заменува со запирка и се додаваат зборовите" а доколку одобрението е одземено за превоз на радиоактивни материи примерок од решението се доставува и до "

Член 2

Во членот 20 – а став 1 по зборовите " испитите од членот" се додава " 17" и сврзникот "и"

Член 3

Во членот 20 – б став 1 по зборовите " полагањето на испитите" се додаваат зборовите " од "членот 20"
По став 1 се додава нов став 2 кој гласи " Полагањето на испитите од членот 17 се врши со одговарање на определен број на прашања во вид на електронски тест и разработување на конкретни ситуации
Ставови 2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12и13 стануваат 3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13и 14

Член 4

Во членот 21 се додава нов став 2 кој гласи
"Важечките сертификатите кои се издадени до 31.12.2012 година треба да се обноват во согласност со моделот на сертификатот кој е дефиниран во точката 8.2.2.8.5 од АДР најдоцна една година од стапувањето на сила на овој закон.

Член 5

Во членот 60 став 2 зборовите " сертификат за возило" се заменуваат со " уверение за испитано возило"

Член 6

Во членот 65 став 3 се брише . Став 4 станува став 3

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во " Службен весник на Република Македонија"

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со членот 7-е се врши поедноставување на процедурите при известувањата кои Министерството за транспорт и врски ги доставува до институциите за одземени Одобренија за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај. Со предложеното решение се укинува известувањето кое се доставува до Дирекцијата за радијациона сигурност доколку е одземено одобрение кое не се однесува за превоз на радиоактивни материи и не се во домен на нивниот делокруг на работењето. Дирекцијата за радијациона сигурност ќе биде известена само доколку е одземено одобрениие за вршење на превоз на радиоактивни материи.

Со членот 20-а став 1 целта е електронското полагање на испит да се примени за советник за безбедност при превоз на опасни материи Во постојниот закон членот 20-а став 1 се однесува само за условите за електронско полагање на испит за возачи на моторни возила за вршење на превоз на опасни материи а со измените се додава и член 17 со кој истите услови се предвидуват и за полагање на испит за советник за безбедност при превоз на опасни материи.

Во членот 20-б став 1 се воведува начинот за полагање на електронскиот испит за советник за безбедност при превоз на опасни материи со одговарање на определен број на прашања во вид на електронски тест и разработка на ситуации со што ќе се утврди дали кандидатот за советник за безбедност при превоз на опасни материи поседува потребен степен на знаење потребно за вршење на должност советник за безбедност при превоз на опасни материи.

Во членот 21 се определува рокот за усогласување со новиот модел на на АДР сертификатот за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи кој Министерството за транспорт и врски отпочна да го издава од 01.01.2013 година. Бидејки важноста на АДР сертификатите е со 5 години одреден број на сертификати издадени по стар модел се сеуште валидни. Имајки ја во предвид едноставната изработка на стариот модел на сертификатот истиот е подложен на фалсификување. За таа цел се определува рокот за усогласување на старите важечки сертификати со новиот модел на АДР сертификатот со цел императивно во одреден рок сите сертификати да бидат усогласени и обезбедени со заштита со вклучени безбедносни карактеристики, со што ќе се овозможи поедноставна и побрза контрола на валидноста и исправноста на сертификатите.

Во членот 60 став 1 сертификатот за возило се заменува со уверение за испитано возило. Согласно Европската спогодба за превоз на опасни материи- АДР само за одреден вид на возила се издава сертификат за возило. Бидејки возилата за превоз на радиоактивни материи не се класифицирани во вид на возила за кои сертификатот е задолжителен документ за испитано возило , испитувањето на возилото се потврдува со уверение за испитано возило.
Во членот 65 се укинува застареното барање за задолжителна опрема за одвод на статички електрицитет за возилата за превоз на одредени класи на опасни материи ,бидејки од техничкиот аспект не е потребно повеќе возилата да ја поседуваат ваквата опрема со оглед дека истата е вградена внатрешно во самите возила.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Целта на изменување и дополнување на овој закон е да се изврши допрецизирање со цел поедноставување на процедурите при известувањето за одземени одобренија за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај, воведување на електронското полагање за добивање на сертификат за советник за безбедност при превоз на опасни материи, воведување на уверение за испитано возило за превоз на радиоактивни материи, укинување на застарено барање за задолжителна опрема за одвод на статички електрицитет за возила за превоз на одредени класи на опасни материи и усогласување со новиот модел на сертификатот за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи да ќе се овозможи поедноставна и побрза контрола на валидноста и исправноста на сертификатот.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија практично претставуваат изменување , дополнување и доразработка на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи нивна целосна примена

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи поедноставување на процедурите при известување на одземени одобренија, ќе се определи точен документ со кој се потврдува исправноста на испитано возило за превоз на радиоактивни материи, ќе се укине застареното барање за опрема со уред за одвод на статички електрицитет за возила за превоз на одредени класи на опасни материи и ќе се утврди рокот на усогласеност со новиот модел на сертификатот за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи кој е со безбедносни карактеристики со што ќе се овозможи поедноставна и побрза контрола на валидноста и исправноста на сертификатот.

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на Предлог:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај | 2. Министерство / орган на државна управа:<br>Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија | |
| 3. Цел на предлогот: | 4. Вид на предлог: | |
| 5. Контакт лице и звање: | Контакт тел./факс или е-пошта: тел. | |
| 6. Активност: | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>(X ) Друга нова регулатива | ( ) Нова Спогодба<br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |
| 8. Цел на барањето / предложената активност: | | | |
| 9. Врска со владината програма: | | | |

| 10. Фискални импликации: | **(илјади денари)**<br>**2014 година** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | | | |
| B. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | | | |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | | | |
| D. Расположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | | | |
| E. Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги | / | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>F. Зголемување / намалување на приходите | / | | | |
| | / | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: ______________________________ | / | | | |
| 11. Нето зголемување на бројот на вработени во врска со предлогот | / | | | |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | / | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | / | | | |
| 14. Дата на завршување на проценката | / | | | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | / | | | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии: | / | | | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач: | / | | | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | / | | | |
| 21. Одобрено:<br><br>. .2014 год. | Миле Јанакиески<br><br>Министер | | | |

**ИЗВОД НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ШТО СЕ МЕНУВААТ**

**Член 7-е**

Министерството за транспорт и врски ќе донесе решение за одземање на одобрението,ако:
- превозникот доставил неточни податоци кои се потребни за издавање на одобрението,
- утврди дека превозот се врши спротивно на издаденото одобрение и
- превозникот престане да исполнува некој од условите пропишани за негово издавање од членот 7-г на овој закон.

Примерок од решението со кое одобрението е одземено се доставува до Државниот инспекторат за транспорт, Царинската управа на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Дирекцијата за радијациона сигурност.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на транспорт и врски.

Член 20-а

Испитите од членот 20 од овој закон се полагаат во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски.

Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испит ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 20 –б

Полагањето на испитите се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер и практични вежби со устен дел.

Прашањата содржани во тестот за полагање испит и неговите одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на испит.

Електронскиот систем содржи и јавно достапна база од најмалку 500 прашања од областа.

Резултатите од полагањето на испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот веднаш по неговото завршување.

На денот на полагањето на испитот му се дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем.

По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски
тест за испитот.

Во случај на спреченост на спроведување на испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот

систем, полагањето на испитот се прекинува.
Доколку причините од ставот 7 на овој член ќе се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.
Доколку причините од ставот 7 на овој член не се отстранат во рокот од ставот 8 на овој член испитот се презакажува за друг термин.
На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот во случај доколку има технички проблем со компјутерот.
Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
Ако има проблеми со повеќе од пет комјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
На барање на кандидатот Министерството го информира за направените грешки во тестот за полагање на испитот со овозможување непосреден увид во тестот.

**Член 21**

Сертификатот за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи важи пет години од денот на издавањето на уверението за положен испит за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи и ќе се продолжи за следните пет години само доколку во последната година пред неговото истекување, возачот присуствувал на курс за проверка на знаењето и покажал успех при повторна проверка.

**Член 60**

Барањето за издавање на дозвола за увоз, извоз или внатрешен превоз на радиоактивни материи го поднесува испраќачот или примачот на радиоактивната материја, регистриран во Република Македонија за промет со радиоактивни материи. Ако радиоактивните материи транзитираат преку територијата на Република Македонија, барањето за издавање на дозвола за превоз може да биде поднесено и од превозникот или шпедитерот.

За превоз на радиоактивни материи во патниот сообраќај превозникот мора да поседува сертификат за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи кој важи за превоз на радиоактивни материи и сертификат за возилото дека ги исполнува условите за превоз на радиоактивни материи согласно со одредбите од ADR.

**Член 65**

Возилата за превоз на опасни материи, запаливи гасови, односно запаливи течности со температурата на палење под 61° С треба да имаат уред за разелектризирање - одвод на статичкиот електрицитет, кој пред натоварот или истоварот на опасните материи треба да биде приклучен на заземјување.

Возилата за превоз на опасни материи од класите 1 до 5.2 мора да бидат галвански поврзани во еднопотенцијална целина. Галванските врски и уредите

за разелектризирање треба да се проверат пред натоварот, односно истоварот.

Возилата за превоз на опасни материи од класите 1 до 5.2 мора да се опремат со уред за одвод на статичкиот електрицитет на коловозот и со две плочки за приклучување на заземјувањето на задниот дел на возилото (лево, десно).

Возилата за превоз на опасни материи за кои тоа го бара прописот од членот 3 точка 1 на овој закон мораат да се опремат со соодветен прекинувач за исклучување на сите електрични кружни текови поставен надвор од кабината на возилото (директно приклучен може да биде само тахографот).